Република Македонија
ОСНОВЕН СУД
БИТОЛА
18.01.2016 година

ТС-2/16

11/2016
25

# П О К А Н А
## за одговор на тужба

Во правната работа на ТУЖИТЕЛОТ **АБ ЕЛЕКТРОЛУКС од** , застапуван од ______________, против ТУЖЕНИОТ **РТВ НАББА МАКЕДОНИЈА ЕЛЕКТРОЛУКС од Битола,** застапуван од ______________, основ , вредност 40.000.00.

**ТУЖЕНИОТ ДА ДОСТАВИ ПИСМЕН ОДГОВОР НА ТУЖБА ВО РОК ОД _15__ ДЕНА.**

Доколку не дадете одговор на тужба, судот ке донесе пресуда поради неподнесување на одговор на тужба, доколку се исполнети условите предвидени во чл.319 ст.1 т.1-4 од ЗПП.

**Овластен службеник**

______________________

**Правна Поука:**
Тужениот е **должен** да даде **писмен одговор на тужба** во оставениот рок ( чл.269 ст.2 од ЗПП).
Ако тужениот го оспорува тужбеното барање во одговорот на тужба должен е да ги наведе фактите, врз кои ги заснова своите наводи и доказите со кои се утврдуваат тие факти и е должен да ги приложи исправите на кои се повикува ( чл. 270 ст.2 од ЗПП).
Ако по приемот на одговорот на тужба, судот утврди дека мегу странките не е спорна фактичката состојба и дека не постојат други пречки за донесување на одлука, судот може да донесе одлука и без закажување на рочиште (чл. 270 ст.4 од ЗПП).
Ако тужениот не поднесе одговор на тужба во оставениот рок судот ке донесе пресуда поради неподнесување на одговор на тужба ако бидат исполнети условите од чл.319 ст.1од точка 1 до 4 од ЗП.
Ако тужениот во одговорот на тужбата ги признава решителните факти, независно од тоа што го оспорил тужбеното барање, судот може да донесе **пресуда без одржување на расправа** ако не постојат други пречки за нејзиното донесување (чл. 321 од ЗПП).

... цел да се задоволат вистинските потреби на потрошувачите.

Тужителот е носител на бројни национални и меѓународни трговски марки, меѓу кои и (во понатаможниот текст ELECTROLUX марките):

- ELECTROLUX (во збор) со регистарски број 03982 и приоритет од 18.09.1957 година, регистрирана за производи од класата 03, 07, 09, 11 и 21 од Меѓународната класификација на производи и услуги;
- ELECTROLUX (во збор) со регистарски број 03983 и приоритет од 20.09.1928 година, регистрирана за производите од класите 01, 03, 04, 06, 07, 08, 09, 10, 11, 12, 14, 17, 18, 20, 21 и 24 од Меѓународната класификација на производи и услуги;

ДОКАЗ:

- Извод од регистарот на трговски марки – рег. бр.03982;
- Извод од регистарот на трговски марки – рег. бр.03983;

Тужениот е организиран како здружение согласно Законот за здруженија и фондации. Според член 8, став 1 од Законот за здруженија и фондации секоја организација (под организација се подразбира секое здружение, фондација...) регистрирана според одредбите на овој закон има име и скратено име ако тоа е

А Д В О К А Т
ЖИВКА КОСТОВСКА СТОЈКОВСКА
ул.Орце Николов 68/4-реон 20 - Скопје
лиценца 2871

**До**
**ОСНОВЕН СУД БИТОЛА**

Тужител: AB Electrolux,
St Goransgatan 143 SE 105 45
Stocholm, Шведска;
Матичен број: 556009-4178

Република Македонија
ОСНОВЕН СУД
15.01.2016 год.

Преку:
Адвокат Живка Костовска-Стојковска,
"Орце Николов" 68/4, Реон 20, 1000 Скопје, Македонија
е-пошта: zkostovska@petosevic.com;
тел: 02 3 245 955;

Тужен: Асоцијација за развој на спорт, култура, мултимедија и продукција РТВ НАББА МАКЕДОНИЈА ЕЛЕКТРОЛУКС Битола
Браќа Мингови 18, 7000 Битола, Македонија
ЕМБС: 4997344

Основ: Повреда на право од индустриска сопственост

Вредност: 40.000,00 денари

ТУЖБА

Тужителот, 'AB ELECTROLUX' е глобален лидер во производство на апарати за домаќинство и апарати за професионална употреба. Присутен е на пазарот уште од 1919 година и продава повеќе од 40 милиони производи на потрошувачите во повеќе од 150 земји. Компанијата се фокусира на иновации кои се интелегентно дизајнирани врз база на екстензивни истражувања, а со цел да се задоволат вистинските потреби на потрошувачите.

Тужителот е носител на бројни национални и меѓународни трговски марки, меѓу кои и (во понатаможниот текст ELECTROLUX марките):

- ELECTROLUX (во збор) со регистарски број 03982 и приоритет од 18.09.1957 година, регистрирана за производи од класата 03, 07, 09, 11 и 21 од Меѓународната класификација на производи и услуги;
- ELECTROLUX (во збор) со регистарски број 03983 и приоритет од 20.09.1928 година, регистрирана за производите од класите 01, 03, 04, 06, 07, 08, 09, 10, 11, 12, 14, 17, 18, 20, 21 и 24 од Меѓународната класификација на производи и услуги;

ДОКАЗ:

- Извод од регистарот на трговски марки – рег. бр.03982;
- Извод од регистарот на трговски марки – рег. бр.03983;

Тужениот е организиран како здружение согласно Законот за здруженија и фондации. Според член 8, став 1 од Законот за здруженија и фондации секоја организација (под организација се подразбира секое здружение, фондација...) регистрирана според одредбите на овој закон има име и скратено име ако тоа е

предвидено со статутот и е запишано во регистарот. Тужениот на ден 26.06.2015 година го променил називот и скратеното име на здружението. Променетото име на здружението гласи:

- Асоцијација за развој на спорт, култура, мултимедија и продукција РТВ НАББА МАКЕДОНИЈА **ЕЛЕКТРОЛУКС** Битола

Додека скратеното име на здружението гласи:

- РТВ НАББА МАКЕДОНИЈА **ЕЛЕКТРОЛУКС** Битола

ДОКАЗ: Историјат со промени;

Во член 8, став 4 од Законот за здруженија и фондации е предвидено дека за прашањата за името кои не се уредени со овој закон се применуваат одредбите од законот со кој се уредува име на фирма на трговско друштво. Бидејќи со овој закон не е целосно уредено името на организациите, аналогно се применуваат одредбите од Законот за трговските друштва.

Согласно член 46, став 2 од Законот за трговски друштва, фирмата **не може да содржи елементи кои создаваат** или можат да создадат забуна во поглед на предметот на работењето на трговското друштво, **впечаток за идентитет или за поврзаност со друго трговско друштво или ако водат кон повреда на права од индустриска сопственост**. Тужениот спротивно на горенаведените одредби во името на здружението внел елементи идентични со трговската марка на тужителот. Зборот "ЕЛЕКТРОЛУКС" е македонска транскрипција на трговската марка "ELECTROLUX" сопственост на тужителот.

ДОКАЗ: Увид во изводи од регистарот на трговски марки;

Во прилог на горенаведеното, називот на тужителот е исто така "ELECTROLUX", со ознака AB (ознака за акционерско друштво). Согласно член 8 од Париската конвенција за заштита на индустриска сопственост (Сл. Весник на СФРЈ бр.5/74) *"трговското име ќе биде заштитено во сите земји на Унијата, без обврска за пријавување или регистрирање..."* Република Македонија ја има ратификувано конвенцијата и со тоа е членка на Париската Унија, па оттаму трговското име на тужителот – "Electrolux" ужива заштита и во Македонија. Дотолку повеќе што и член 46, став 2 од Законот за трговските друштва предвидува дека лица регистрирани во странство уживаат заштита во Македонија.

Во прилог на оваа тужба доставуваме и Записник за утврдување факти од кој ќе се забележи дека тужениот уште пред да го вметне зборот ЕЛЕКТРОЛУКС во името на здружението, не само што неовластено ги користел трговските марки на тужителот, туку дури и ги нудел за продажба производите на тужителот со опција за купување на истите директно од интернет страната elektrolux.com.mk регистрирна од тужениот.

ДОКАЗ:

- Записник за утврдување факти ОДУ бр.1665/2014 од нотар Анета Петровска Алексова;

- Известување од МАРНЕТ;

Од горенаведеното јасно произлегува дека тужениот го променил името, со додавање на трговската марка на тужителот во името на здружението,

единствено со цел да создаде впечаток за идентитет или поврзаност со фирмата на тужителот. Ваквото постапување е забрането со горенаведениот член 46, став 2 од Законот за трговските друштва.

Согласно член 58, став 1 од Законот за трговските друштва, **трговец може да му забрани на друг трговец кој со употреба на фирма неовластено го користи неговиот деловен углед или го присвојува истиот, да ја користи таквата фирма**. Видно од содржината на интернет страните наведени погоре, несомнено е дека тужениот знае кој е тужителот и угледот кој светски познатата фирма го ужива помеѓу потрошувачите низ целиот свет, па оттаму и намерата да го искористи неговиот углед и реноме за сопствена промоција.

Во член 59 од Законот за трговските друштва е исто така содржана и одредба која го упатува трговецот дека може да ги заштити своите права во поглед на употребата и уписот на фирмата во трговскиот регистар и врз основа на закон со кој се уредува индустриската сопственост. Тужителот, како носител на право на трговската марка “ELECTROLUX”, согласно член 206 од Законот за индустриска сопственост, има право да забрани користење во прометот од страна на трети лица без негова согласност на знак кој е идентичен или сличен со неговата трговска марка, за идентични или слични производи или услуги, доколку таквата сличност може да создаде забуна кај просечниот потрошувач, вклучително и можноста од асоцијација меѓу знакот и трговската марка. Понатаму во член 291, став 2 од Законот за индустриска сопственост е уредено дека “**како повреда на пријавените или признаените права утврдени со овој закон се смета секое неовластено користење, располагање, ограничување, имитирање, асоцијација, вознемирување на правата и слично што е спротивно на овој закон**.” Во став 3 од истиот член е утврдено дека “за имитирање се смета ако просечниот купувач на стоки, односно услуги, без оглед на видот на производите, може да ја согледа разликата само ако обрне посебно внимание, односно ако кај трговската марка се работи за **превод или транскрипција, односно транслитерација**.” Во конкретниов случај, тужениот спротивно на прописите со кои се уредува индустриската сопственост, во името на организацијата користи знак кој претставува македонска транскрипција на трговската марка на тужителот.

Поради горенаведеното, му предлагаме на насловниот суд по одржување на расправа и изведување на доказите да ја донесе следната:

**ПРЕСУДА**

**СЕ УСВОЈУВА** тужбеното барање на тужителот во целост.

**СЕ УТВРДУВА** дека тужениот “РТВ НАББА МАКЕДОНИЈА ЕЛЕКТРОЛУКС Битола” со промена на називот на здружението и краткото име, додавајќи го зборот “ЕЛЕКТРОЛУКС”, го повредил правото на трговска марка на тужителот за трговските марки: ELECTROLUX (во збор) со регистарски број 03982; и ELECTROLUX (во збор) со регистарски број 03983;

**СЕ ЗАБРАНУВА** тужениот “РТВ НАББА МАКЕДОНИЈА ЕЛЕКТРОЛУКС Битола” во називот на здружението и кратко име да ги користи трговските марки на тужителот, и тоа: ELECTROLUX (во збор) со регистарски број 03982; и ELECTROLUX (во збор) со регистарски број 03983, односно нивна транскрипција “ЕЛЕКТРОЛУКС” или транслитерација “ЕЛЕЦТРОЛУХ”.

**СЕ НАЛОЖУВА** на тужениот "РТВ НАББА МАКЕДОНИЈА ЕЛЕКТРОЛУКС Битола" во рок од 8 дена од денот на правосилноста на пресудата да го промени називот на здружението и скратеното име на здружението, така што јасно ќе се разликува од трговските марки "ELECTROLUX" со регистарски броеви 03982 и 03983, односно нивна транскрипција "ЕЛЕКТРОЛУКС" или транслитерација "ЕЛЕЦТРОЛУХ".

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** тужениот да му ги надомести трошоците во оваа постапка на тужителот, по приложен трошковник.

ПРИЛОГ:

- Тековна состојба за тужителот (преведена);
- Тековна состојба за РТВ НАББА ЕЛЕКТРОЛУКС МАКЕДОНИЈА;
- Извод од регистарот на трговски марки – рег. бр.03982;
- Извод од регистарот на трговски марки – рег. бр.03983;
- Историјат со промени за РТВ НАББА ЕЛЕКТРОЛУКС МАКЕДОНИЈА;
- Записник за утврдување факти ОДУ бр.1665/2014 од нотар Анета Петровска Алексова;
- Известување од МАРНЕТ;
- Парискaта конвенција за заштита на индустриска сопственост (Сл. Весник на СФРЈ бр.5/74);
- Доказ за платена такса – 1600 денари;
- Полномошно / превод;

За тужителот

АДВОКАТ ЖИВКА КОСТОВСКА СТОЈКОВСКА ул.Орце Николов 68/4-р.ен 20 - Скопје лиценца 2871

Полномошник